# СООПШТЕНИЕ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија сака да и соопшти на јавноста, дека од денес 02 феруари 2010 година стапува на сила одлуката на ФЗОМ за поедноставување на процедурата за добивање на сини картони за сите невработени лица.

Имено, лицата кои што се пријавени како невработени во Агенцијата за вработување, како и лицата кои што се невработени и не бараат работа преку Агенцијата, од денес при поднесувањето на документи за добивање на сини картони, веќе не мораат да донесат извод од матичната книга на родените издаден од МВР не постар од шест месеци. Фондот ќе признава изводи со било кој датум на издавање на истите.

Воедно ФЗОМ сака да ги потсети граѓаните на РМ дека во последните 8 месеци на неколку наврати ги намалуваше документите потребни на нашите осигуреници за да се регистрираат во базата на Фондот, и да се стекнат со право на здравствено осигурување, и со тоа доста ја поедностави административната процедура.

Уште еднаш да ги потсетиме невработените граѓани за потребната документација која што треба да се достави до подрачните единици на ФЗОМ, а со цел стекнување на право на здравствено осигурување:

1. За невработени лица кои се пријавени во Агенцијата за вработување:

а. Извод од матичната книга на родените, издаден на било кој датум

б. Копија од лична карта

в. Копија од зелениот картон од Агенцијата за вработување

г. з01 образец (кој што се пополнува во подрачните единици на Фондот)

2. За невработени лица кои што не се пријавени во Агенцијата за вработување:

а. Извод од матичната книга на родените, издаден на било кој датум

б. Копија од лична карта

в. Потврда од УЈП дека не остваруваат приходи

г. зо1 образец